**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Градоначалник на Општина Велес
бр. 13-1010/3
31-03 2023 година
Велес

**Предмет:** Известување

Почитувани, Согласно последните резултати од мониторинг станицата Велес-2 за следење на квалитетот на амбиенталниот воздух на Државниот автоматски мониторинг систем при Министерството за животна средина и просторно планирање, Општина Велес ги известува граѓаните за измерени високи среднодневни концентрации на pm-10 честички на територијата на Општина Велес за деновите: 29.03.2023 се измерени 121,2 µg/m³, и на 30.03.2023 се измерени 182,5 µg/m³.

Согласно Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанци во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, целни вредности и долгорочни цели („Службен весник на Република Македонија"бр.50/05, 4/13 и 183/17) е надминат прагот за информирање од 100 µg/m³.

Препораки до граѓаните:

- Да не се користи прегорено отпадно масло за загревање на простории, лакирани или обоени отпадоци од дрво и мебел, стиропор, PET амбалажа, парчиња гума и било каков синтетички материјал.
- Рано наутро и доцна навечер да се избегнува долготрајна изложеност на отворено
- Правилно да се користат печките за дрва, да се користи суво огревно дрво и редовно да се чистат оџаците.
- Да се користи јавниот превоз
- Возилата да не се користат без поголема потреба и
- Повеќе лица да се возат со едно возило во исто време

Доколку има надминувањена Прагот на алармирање во текот на два последователни дена над 150 ќе бидат превземени дополнителни мерки за што јавноста навремено ќе биде информирана.

Со почит,

Сектор за урбанизам,
заштита на животната средина,
комунални дејности, евроинтеграции и ЛЕР

Раководител,

Петре Цилаков

*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*